# Policy Position Papers

# Од областа на Царина

## ОТПАД - РАЗДОЛЖУВАЊЕ И ИСКОРИСТУВАЊЕ

# Формулар за идентификување на проблеми и предлози за подобрување на деловната регулатива

## (Policy Position Papers)

*Овој документ ќе се користи како алатка за потребите на „Проектот на УСАИД – Партнерство за подобра бизнис регулатива“ за идентификување на ограничувачки институционални политики, како и за подобрување на конкурентноста и правната усогласеност на компаниите*

| **Датум:**<br><br>**29.08.2017** | **Поднесено од:** | **Краток назив на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (ПИРН):**<br><br>ОТПАД - РАЗДОЛЖУВАЊЕ И ИСКОРИСТУВАЊЕ |
|---|---|---|

Овој ИДЕНТИФИКУВАН ПРОБЛЕМ (ПИРН) е релевантен за подобрување на регулативата во (заокружи):

***Сектор - Земјоделство; Сектор - Градежништво; Сектор - Туризам; Сектор - Текстил; Сектор – ИКТ ; Сите Сектори***

**1. Краток опис на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (ПИРН) – За кои проблеми е потребно решение? Каква е моменталната ситуација (Анализа на политики: моментални околности, конкретно идентификување на проблеми)**

Текстилната индустрија е извозно ориентирана гранка каде што 95% од производството оди за извоз. Најголем дел од извозот односно 80% е организиран на база на ЛОН или т.н. привремен увоз при што за увезените материјали не се плаќаат давачки туку се обезбедува банкарска гаранција која се раздолжува со извезените готови производи. Увозот на материјали и извозот на готов производ го организираат

иматели на одобренија кои до царинката управа доставуваат докумнетација и нормативи за потрошен материјал. Во процесот на производство се генерира отпад од текстилен материјал кој може да се раздолжи на три начини: да се врати на купецот (кој всушност е сопственик на матреијалот, да се уништи – најчесто користен начин со депонирање на отпадот под царински надозр во депонија или да се изврши негово царинење. Проблеми кој се јавуваат тука се следниве: 1. Обемна порцедура на водење евиденција за раздолжување на отпад кој завршува на депониите и на тој начин ја загадува животната средина, 2. Непостоење на утврдена процедура за царинење на оптадот, која доколку се воспостави ќе даде можност за еколошки третман на отпадот (рециклирање).

**2. На кој начин ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (ПИРН) негативно влијае врз конкурентноста, работењето и правната усогласеност на компаниите?** Според спроведените анализи, годишната количина на отпад која се генерира од текстилното производство изнесува околу 9.000 тони. Вкупните годишни трошоци кои ги имаат фирмите за раздолжување на отпадот и депонирање се движат до 1.500.000 евра. Овие средства секако компаниите би можеле да ги инвестираат во модернизација на производството и на тој начин да ја зголемат конкурентоста со понуда на поквалитетно и попродуктивно производство. Дополнително обемните царински процедури, времето на чекање за уништување на отпадот и нередовното раздолжување на банкарските гаранции во голема мера влијае на намалување на конкурентноста на компаниите. Понатаму, депонирањето на отпадот на депонии доведува до загадување на животната средина и е спротивно на принципите на ООП а се почести се и барањата на старнските купувачи за еколошки третман на отпадот.

**3. На каков начин компаниите се соочуваат со ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (ПИРН) и каква е нивната процентуална застапеност по сектори во однос на проблемот?**

Сите текстилни компании иматели на одобенија за царински процедури се соочуваат со проблемот на царинско раздолжување на отпадот во помала или погоема мера во зависност од обемот на производството. Има компании кои се спремни да ја користат порцедурата на царинење на отпадот но се соочуваат со неразјаснети протоколи и

непостоење на референтни цени кои би се користеле како основица за царинење иако бидејќи се работи за отад без употребна вредност сметаат дека истиот треба да има вредност нула на што укажуваат и експери од Царинската управа на Холандија. Понатаму, со овој проблем се опфатени и комуналните претпријатија односно депониите кои го прифакаат текстилниот отпад, иако според законот бидејќи се работи за оптад под царински надзор не се должни да го прават тоа. Карактерот на стока под царински надзор не им дозволува на депониите понатаму да го менаџираат тој отпад во фукнкција на рециклирање или производство на РДФ гориво, што исто така претставува проблем бидејќи отпадот стои и скапува на депониите.

**4. Кои се важечките закони , подзаконски прописи ( наведување на членовите ) кои го регулираат ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (ПИРН)?**

Царински закон, Царински постапки со економски ефект – увоз за облагородување, Закон за тарифи, Закон за управување со отпад ...??

**5. Кои државни институции се директно вклучени во регулирањето или решавањето на овој проблем? Дали треба да бидат вклучени и дополнителни институции?**

Министерство за финансии, Царинска управа, Министерство за заштита на животна средина и просторно уредување, Јавни комунални претпријатија.

**6. Како овој проблем е регулиран во други држави?**

Во Бугарија функционира можноста компаниите да го царинат отпадот по минимална цена и царинска стапка која се понудува од страна на компанијата а царината ја прифака или во ретки случаи бара оодветна корекција. Во Бугарија исто така има компании кои вршат собирање на отпадот, негово балирање и негова продажба во змејава или во странство. Во моментот таа активност се прави исклучива за задоволување на принципите на ООП и заштита на околината и без некој профит, но се очекува дека понатаму ке прерасне воисплатлива комерцијална активност. Во Албанија отпадот се собира (не редовно) од страна на неколку компании кои понатаму го извезуваат во Италија. Компанијата добива на писмено потврда за превземениот

отпад од страна на превземачот што е доволен документ за таа количина се раздолжи пред царината.

**7. Кои се квантитативните и квалитативните резултати/придобивки кои ќе ја подобрат конкурентноста на компаниите, а кои директно ќе произлезат од успешното адресирање – упатување - решавање на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (ПИРН)?**

Со решавањето на прблемот со раздолжувањето на отпадот ќе се постигнат следниве резултати кои ќе ја подобрат конкурентноста на компаниите:

- Олеснета и побрза процедура која ќе обезбеди побрз проток на стоки и побрза реакцја на барањата на странските купувачи, побрз извоз, зголемена конкурентност изедначена со земјиве во регионот.
- Намалени манипулативни трошоци кај производителите и отварање нови работни местак кај превземачите на отпад во делот на негова преработка.
- Намалени трошоци за транспорт и депонирање на отпад, што ќе отвори можност за поголеми инвестиции во модернизација и автоматизација кај производителите.
- Можност за негова продажба во центри за рециклирање – генерирање на приход
- Задоволување на барањата на купувачите за еколошки третман на стоката – собирни центри наместо депонии – задржување на постоечите и привлекување на нови клиенти.

**8. Кои се квантитативните и квалитативните резултати/придобивки на Владата, доколку ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (ПИРН) успешно се адресира – упати – реши ?**

- Во моментот се крши закон за управување со отпад каде што стои дека на депонии неможе да се одлага стока која е под царински надзор. Со изнаогање решение ќе се прекине свесното кршење на законот од страна на Државата.

- прилив на средтсва во државата на сметка на платена царина и ддв при царинење на отпад и негова понатамошна препродажба.

- решавање на еколошкиот проблем од  складирање на текстилниот отпад на депонии и загадување на околината и ризик од самозапалување – заштита на животната средина.

**9. Предлог решенија и очекувани резултати? Што сакаме да се постигне, во која насока треба да се насочиме? (главни цели)**

**Главна цел е да се заштити околината со рециклирање наместо депонирање на текстилниот отпад на депонии. За исполнување на главната цел потребно е да направат следниве чекори:**

- Активирање на постапката за царинење на текстилниот отпад со минимални давачки или врендост нула и олеснување на целокупната процедура на раздолжување на отпадот.
- Донесување закон за управување со текстилен отпад.
- Назначување на фирми собирачи на текстилен отпад – воспоставување на систем за собирање.
- Олеснета процедура за добивање на лиценци за рециклирање.
- Рециклирањето да има функција на раздолжување – наместо рздолжување под царински надзор со фрлање на депонија, раздолжување под царински надзор во функција на рециклирање
- Изградба на рециклирачки центри со ЈПП